СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Единаесеттото продолжение на Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 март 1994 година

Скопје, март 1994 година

## 11-то ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 70-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 2.III. 1994 год.

Дискутанти:

1. АЛИУ ХАМИД -10, 13
2. АЛИУ МУХАМЕД -10
3. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 21
4. АРСОВСКИ БРАНКО - 26
5. ГЕОРГИЕВСКИ ПЕТАР - 12, 19
6. ЗИБЕРИ НАСЕР - 52
7. МАНЕВ ЕФТИМ - 15
8. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 2, 23, 30, 34
9. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 18, 24, 31
10. ПЕТРОВ ТОДОР - 25, 28
11. ПОПОВСКИ КИРО -1, 33,.(води седн.)
12. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 16
13. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 13, 30
14. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 8, 14, 15
15. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 11
16. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 9
17. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ - 3, 31, 32
18. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 29

Дневен ред:

Т-19- Преллог за дон.на З.за изменув. и допол.на З.за Царинска тарифа.

Т.-16-Прелл.за дон.на З.за изм.и допол. на З.за за општествена заштита на децата.

Т.-22- Пред.за донес.на З.за изм. на Законот за изградба на инвестициони објекти.

Т-17.-ратификација на Договорот меѓу Владата на РМ и Р.Словенија.

Т-21- Пред.за дон.на З.за изм.и доп на Зак.за заштита при работа.

Т-23.24.и25-Резиденција на Претседателот на РМ, на Прет.на Собран. и на Прет.на Владата, се усвоени.

- продолжува -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Единаесеттото продолжение на Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 март 1994 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на РМ (сала број 1 со почеток во 13,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Киро Поповски, потпретседател на Собранието на РМ.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците: Панче Насев, Симеон Наумовски и Наум Симјановски не се присутни на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на **точка 19** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за царинската тарифа со Предлог на закон.

Да ве потсетам дека по барање на претставникот на Владата расправата по оваа точка се одложи за да може Владата да ги разгледа амандманите и да даде свое мислење. Во меѓувреме Владата достави мислење по поднесените амандмани и истите не ги прифати.

Владата на РМ поднесе амандман за менување на член 1 по кој предлагачот не е произнесен.

Предлагачот на законот поднесе амандман на член 1 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Со оглед на овие промени, го молам предлагачот да не информира што прифаќа,а што не прифаќа од предложените амандмани за да можеме да продолжиме со работа.

I/2 JM/НД

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ :**

Почитувани пратеници, на предлогот на законот беа доставени повеќе амандмани меѓу кои од пратениците: Петар Ѓорѓиев, Санде Давчев, Тодор Димов, Ристо Стаменов, Тиме Андонов, Теодосије Паунов, Александар Гештаковски, Алил Џафероски, Љубомир Поповски, Томислав Стефков- ски, Стоиле Стојков, Шабан Превала, Газменд Ајдарага, Џелил Таири, Трајан Мицевски, и Гоце Андоновски. И се разбира Владата поднесе свој амандман. Јас не го прифаќам амандманот на Владата не заради тоа што досега од поднесените мои амандмани Владата прифати само еден амандман туку заради тоа што Законот се предлага и заради излез во пресрет на луѓето и заради обезбедување на современ возен Фонд кој е доста амортизиран, а не треба да браниме и да заштитиме некои други интереси на произведувачи на возила. Оттука, во мислење. на Владата има три заклучоци.

Прво, не го прифаќам заклучокот на Владата кој кажува дека амандманите не се прифаќаат од причина што предложените стапки се многу ниски. Навистина се ниски и заради тоа и го предлагам законот.

Второ, го прифаќам заклучокот, односно мислењето на Владата во кое се вели: Не може да се прифати ни предлогот за отворање на две колони на стари и нови бидејќи тоа се реши со Законот за надворешно трговско работење.

Трето, го прифаќам дека во Предлогот за измените на Законот за царинска тарифа, е опфатен само тарифниот број 8703, а да не се прифаќаат другите тарифни броеви како што се предложени 08, 03,8432, и 8701. Од тие причини јас го прифаќам амандманот на група пратеници во кој се спојуваат колоните 4 и 5, станува една колона, бидејќи како што реков другата колона за стари возила до пет години ќе се реши со Законот за измена на Законот за надворешно - трговско работење кое

веќе гледаме дека е доставено и стапките кои се презентирани во овој амандман поднесени од група на пратеници. Тоа значи стапка за возила до 5% за возила до 2000 кубици и над 2000 кубици 10% царина. Тоа е наброено овде по категории, односно по тарифни ознаки. Значи го прифаќам амандманот од пратениците Петар Ѓорѓиев, Санде Давчев, Тодор Димов, Ристо Станковски, Тиме Андонов, Тодосија Паунов, Александар Гештаковски, Алил Џаферовски, Љубомир Поповски, Ванчо Младенов, Мухамед Халили, Шабан Превала, Џелил Таири и Газменд Ајдарага.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, Владата како што ви е познато не е предлагач на законот за измени и дополнувања на Законот за царинска тарифа, ценејќи ги сите потреби од реформи во стопанскиот и финансискиот систем на земјата и ветувањата при донесувањето на Законот за царини, Владата изготви Предлог за донесување нов закон за царинска тарифа и тој на ова Собрание беше разгледан и усвоен, предлогот за донесување. При конципирањето на тој закон Владата укажа дека има потреба Македонија да има свој закон за царинска тарифа, затоа што се уште го применува согласно амандманите на Уставот Сојузниот закон, законот на бившата СФРЈ. Ова Собрание како што ви е познато согласно тие амандмани е со рокови обврзано и Владата и целокупното законодавство да го претвори во закони на Република Македонија За жал има уште закони кои важат врз база на амандманите на Уставот.

Сакам да потенцирам дека Законот за царинската тарифа, самата царинска тарифа е доста сложена материја, материја која не се уредува само во рамките на една држава. Сите држави во светот откако постои општата спогодба за трговија и царини се обврзани да се придржуваат кон одредени рамки утврдени во тие спогодби. Тоа ќе мора да го прави и

Македонија бидејќи е на пат да стане полноправна членка на ГАТ, општата спогодба за царини и трговија. Постапката за зачленување во ГАТ нема да биде истоветна како што беше зачленувањето во Меѓународната банка за обнова и развој, како и во Меѓународниот монетарен фонд, затоа што сме информирани и тие процедури завршија. Овде е зачленувањето малку посложено. За Македонија претстои задача да ја прилагоди новата царинска тарифа својата како кон обврските што стојат пред ГАТ така и пред Европската унија. Затоа ние ве молиме ова да се сфати најсериозно додека не се решат, не се усогласат сите со обврските со Европската унија и со ГАТ со царинската тарифа да не се , - адаптира, ниту со царинската номенклатура. Македонија има потреб-1 коренито да ја менува царинската номенклатура затоа што таа е одраз на стопанството на Бивша СФРЈ каде беа сосема други економски интереси, шест републики и покраини итн., каде во тоа време се вградуваа во таа номенклатура сите тие интереси. Стопанската структура на Македонија е сосема поинаква. Меѓутоа, сакам да предупредам дека е тоа макотрпна доста стручна работа и ќе мора да обезбедиме кадри и да им се даде можност и време пред парламентот да излезат со издржани предлози, усогласени со интересите и на стопанството на Македонија и на обврските што ги имаме спрема овие меѓународни асоцијации кои не обврзуваат. Затоа, ние како Влада не можеме имајќи предвид структурата на другите царински стапки и номенклатури да одиме на таква драстична промена на тарифите, на царинската тарифа 87. Паралелно со оваа промена што ја предложи Владата, Парламентот донесе закон со кој го измени постојниот закон на данокот на промет. При тоа, општата стапка на данокот на промет од 42 се намали на 25 во кои се влезени и сите возила до 2000 кубици. Возилата над 2000 кубици се влезени во Законот за акцизи и тие имаат 55 стапка на данок. Според тоа, во Законот за промет направена е доста

голема разлика помеѓу возилата до и над 2000 кубици. Ова треба да се има во предвид дека кај царината веќе нема потреба од понатамошно диференцирање на производите над, или испод. Оттаму, Владата предлага сите возила царинската стапка да изнесува 10%. Тоа ви е и во Предлогот на амандманот. Тоа е едно.

Второ, при донесувањето на законите и другите акти пред крајот на годината при проектирањето на јавната потрошувачка и приходите и расходите Владата поаѓаше од претпоставката дека овој закон за царинска тарифа ќе биде во текот на оваа година во почетокот донесен и на тој начин се билансирани и приходите во Буџетот на Републиката. Точно е тоа дека водиме сметка за граѓаните а кога ги намалуваме царинските тарифи и Владата е за тоа. Меѓутоа, за интересите на граѓаните се води сметка на два начина: Со делување на приходната страна и со делување на даноците. Владата ја има во предвид и едната и другата страна и во Буџетот се преземени бројни обврски токму за тоа да се задоволат интересите на одделни категории граѓани, социјални програми итн. Поаѓајќи од овие појдовни основи, Владата го предлага својот амандман кој се совпаѓа со Предлогот за донесување на законот за царинска тарифа кој набргу ќе биде од Владата вратен во Собранието како предлог закон.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес. Само да констатирам дека предлагачот од амандманите што се поднесени по овој закон го прифати само амандманот на групата пратеници кој станува составен дел на Законот.

(Реакции од место)

Сакам да констатирам, дозволете да ја водам седницата.

Сакам да констатирам и да потсетам дека предлагачот го прифати само амандманот на групата пратеници и тој амандман станува сега

составен дел на Законот.

Второ, да потсетам дека и по оваа точка дискусијата е ограничена на седум минути за пратениците, а за координаторите до 15 минути.

Продолжуваме со претрес по амандманот поднесен од пратениците Томислав Стефковски и Стоиле Стојков.

Излагањето беше во функција на прекинот на седницата по барање на Владата, а по редоследот амандманите ќе бидат на дневен ред.

Едновремено, сакам да ги прашам поднесувачите на другите амандмани бидејќи со прифаќањето на амандманот од страна на предлагачот °Д групата пратеници всушност се оформува само една колона во однос на царинската тарифа, дали предлагачи кои што предлагаа амандмани две колони остануваат на своите амандмани, бидејќи предлагачот прифати една колона.

Отворам претрес по амандманот поднесен од пратениците Томислав Стефковски и Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Мислам дека забелешките од оваа страна од пратениците беа на место, затоа што при амандманска расправа се оди амандман по амандман како што е пристигнат во ова Собрание. Затоа предлагачот на Законот немаше право да се изјасни претходно пред да се заврши процедурата за сите амандмани поединечно ќе се изјаснува дали го прифаќа амандманот или не го прифаќа. Во тоа ми се чини беше забелешката и така треба деловнички да се води текот на седницата. Што е суштината на овој амандман што го имаме поднесено заедно со господинот Стефковски. Ние остануваме на две колони како што беше првобитниот предлог на закон поднесен од пратеникот Џеладин Мурати односно да има една колона за нови возила и втората колона за возила со старост до пет години од следниве причини. Знаеме едноставно дека

староста до пет години за одредени возила кои се произведуваат во Запад, Европа, Јапонија, и Република Кореја се далеку поквалитетни да речеме од некои возила кои се произведуваа до вчера и до ден денес во таа бивша СФРЈ, односно сега во СР Југославија. Според тоа мислиме дека едни вакви возила чија старост би била до пет години без разлика што таму се спомнува и друг закон за надворешно трговско работење,тој не не интересира, затоа што имаме предлог за изменување и дополнување на Законот за царинската тарифа. Нормално ако Собранието ова го прифати лесно е понатаму да се измени и тој закон, ако не соодветствува со овој. Што е интенцијата? Интенцијата е граѓаните да можат да дојдат до евтини возила со старост до пет години производство да речеме на еден фолксваген, мерцедес итн. За евтини пари кои согласно традицијата што ја имаат се поквалитетни како што кажав пред малку од другите возила.

Во однос на царинските тарифи предлагаме она што и министерот пред малку кажа да малолитражните возила на некој начин да бидат оцаринети со една минимална стапка, почнувајќи од 2 проценти, односно стапката да изнесува 2% а нормално за оние над 1600 или 2000 кубика или 3000 кубика како што објасни министерот кои се прогласени за луксуз така да речам и за кои постои посебен вид на оданочување така би го нарекол со тие акцизи ние исто така, предлагаме таа стапка да изнесува некаде до 15% за возила со старост до пет години од проста причина што едноставно нормално е тоа дека врз основа на тие добиени средства оние социјални програми што би требало Владата што ги има "" како обврска Владата во буџетот од тие средства би се пополнувало но не може да си дозволиме како непроизводители на никаков вид на автомобили да не можат граѓаните да набавуваат евтини возила од странство, барем оние до 1600, со работ на зафатнина на цилиндарот до 1600 кубни сантиметри.

**СТ0ИЛЕ СТОЈКОВ :** (продолжение)

Во тоа е нашиот амандман. Се надевам и сум сигурен дека нема да се прифати, како што е таков односот на силите во ова Собрание, меѓутоа ме зачудува амандманот предложен од самиот предлагач што е составен дел на законот, каде што во тарифната ознака 8703, 215, 216 и 217 за теренски возила се предлага стапка од 5%, што значи иако ние предлагаме за овие теренски возила стапката да биде 1%, иако овде го нема во нашиот амандман, ме зачудува дека во законот и понатаму останува а се уште не сме дошле на амандманот на група пратеници, а јас гледам дека тука се само три пратеника потпишани, Петар Георгиев, Љубомир Поповски и Шабан Превала затоа што мислам дека е тоа последниот амандман што Вие пред малку не деловнички го прифатите од 22 02.1994 год ina. Тука имаме два амандмана и човек не знае за кого да се определи. Во тоа е суштината на овој наш амандман, затоа што да се потсетиме при донесувањето на законот за царини од овде, повеќе политички партии се произнесоа дека таа материја, и тогаш се предлагаа амандмани за стапка од 2% 3 или итн., се сугерираше дека тоа ќе се уреди со Законот за царинската тарифа односно еве сега имаме и една измена за дополнуваше на законот за законска тарифа, оној постариот, гледам дека на некој начин тоа ветување спрема нашите гласачи, така да речам од одделни партии се напушта и се оди на една царина од 5 до 10% односно Владата предлага за сите, без разлика на работната зафатнина на цилиндерот 10%. За мене тоа е еден друг однос затоа што пред се треба да мислиме колкава е куповната моќ на населението во РМ за набавка на нови и возила со старост до 5 години, меѓутоа по една минимална царинска тарифа од 2%. Тоа е и суштината на нашиот амандман.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

II/2.-

Има збор пратеникот Благој Тошев.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувано претседателство почитувано пратеници во целост го прифаќам предлогот на амандман на господинот Џеладин Мурати, да биде 5 со 10%, како што кажа. Меѓутоа тука ние правиме една грешка што ни се провлекува а не можеме да ја откриеме. Прво не може да постојат две графи од причини што со законот за надворешно - трговско работење "Службен весник" 31/93 и 78/93, ние овде го изгласавме тој закон, за физичките правни лица, возила стари до три години, а за тешки возила до пет години. Според тоа графа втора не може да биде со пет години старост на лесни возила.

Второ, треба да расчистиме една друга работа ако луѓето кои сакаат да купуваат возило старо до три години треба да знаат дека овој предлог на господинот Џеладин Мурати, ако биде возилото до три годни старо, како што предлага пет проценти со 10%, до 1 1600 или над 1600 кубици, за тие возила до 1000 кубици ќе треба да плати 5% и 16% данок, тоа е 21% и плус 25% данок. Зошто го велам ова. Ако биде ново возило, тогаш предлогот на Мурати е 5% до 1000 кубици и 1% царинска евиденција ќе биде 6%. Ако биде три години старо тогаш ќе плати плус 7,5% посебна такса и 7,5% посебна давачка за израмнување на даночното оптоварување ан стоката. Според тоа треба да имаме предвид дека тие возила ако се зимаат до три години старо со предлогот на Џеладин Мурати со 5% до 1000 кубици и 16% други давачки ќе биде-2-1 плус - 25% данок на -промет . А за новите возила ќе плати 6% царина и 25% данок на промет.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Процедурално бара збор пратеникот Хамит Алиу.

II/3.-

**ХАМИТ АЛИУ:**

Господине потпретседателе, господа пратеници, ценето претседателство, вие претседавате со седницата а изгледа дека не знаеме што работиме. Конкретниот амандман што го имаме сега на дневен ред ние не го изгласавме на минатата седница. Јас не знам зашто секогаш мораме да почнуваме од нула. Овој е тој амандман и јас лично од оваа говорница реков дека е ова контрадикторен амандман. Дајте ве молам по ред како изгледа еден парламент да зборуваме за секој амандман како што треба. Прво се зборува амандман за Влада, па му давате збор на министерот, а повторно се враќате на друг амандман и практично ние не знаеме што работиме.

**КИКО ПОПОВСКИ:**

Мислам се знае што се работи само повнимателно да следите. Министерот доби збор, бидејќи по негово барање седницата беше прекината. Во таа функција даде образложение зашто бараше прекин за мислење на Владата. За да биде порационално работењето предлагачот искажа свој став во однос на амандманите. Одиме по амандманите по редослед како што се дадени. За овој амандман, прва Собрание се уште треба да се произнесува.

Збор има Мухамед Алиу.

**МУХАМЕД АЛИУ:**

точно е тоа дека ние ја прекинавме расправата затоа што предлагачот не беше тука. Точно и тоа дека ние го завршивме овој амандман на таа седница. Точно е и тоа да се оди по редоследот на амандманите, а не почнавме со еден амандман па одиме на вториот и петтиот. Тука е мојата забелешката. Точно и тоа дека не мора денеска да дискутираме.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Господине, јас ве убедувам дека сте во заблуда зашто со ова почнавме тогаш прекинавме и сега продолжуваме. Не сме завршиле и не сме гласале по овој амандман.

II/4.-

Има збор господинот Трпчевски.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувано дами и господа ќе гласам за овој амандман од следниве причини: Секој од нас како пратеник во предизборната кампања во 19 90 година се залагаше царините во РМ да бидат на најниско ниво за оние производи што не се произведуваат во РМ. Според тоа во овој случај на дневен ред е материја што третира увоз на возила, било да се тоа нови и употребени зашто во Република Македонија немаме автомобилска индустрија. По логиката на нештата во овој случај имајќи го предвид излагањето и министерот за финансии односно и неговата загриженост дека намалувањето на царинските стапки ќе се соберат многу помалку средства и со тоа во Буџетот ќе имаме негативен ефект. Меѓутоа, математиката секој пат е јасно и ако купиме поголем број на возила од данокот на промет ќе оствариме поголема добивка отколку да не увеземе возила па ни од царината ни од данокот на промет помалку добивка ќе оствариме. Тоа е едно.

Кога беше законот односно кога стана збор за царините рековме дека оваа материја е сложена и тогаш се угодувавме колку д а биде два пет или 10 проценти стапката рековме дека кога ќе биде донесен законот за царинските тарифи ќе го решиме. Сега на дневен ред е тоа и ние не можеме да се согласиме колку да изнесува царинската Стафа за увоз на овие возила. Уште пред една ипол година кога имаше еден извештај за трауматизмот, и тогаш изнесовме од медицинска гледна точка дека возилата во РМ се над 12, 15 и над 20 години старост. И тогаш потенциравме дека и еден добар процент што се случуваат траумите се однесуваат токму од застареноста на возниот парк. Луѓето да ги оперезуваме односно оданочуваме и со царински стапки поголеми како што предлага Владата од 10% и плус данок на промет, мислам дека со ваква економија кога луѓето немаат пари не ќе можат да купат возила

II/5.-

и понатаму ќе ги возат своите стари дотраени возила. Според тоа, предлогот односно го поддржувам предлогот и се приклучувам на амандманот на господинот Стоиле Стојков и Томислав Стевковски со тоа што навистина да имаме барем во овој период додека не се донесе законот од страна на Владата луѓето да можат да си купуваат возила со ниски царински стапки.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор Петар Георгиевски.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВСКИ.**

Сметам дека треба да бидеме парцијално и предлагачите на амандманот, го искористија тоа право да ги пласираат своите ставови за амандманот, но требаше од досегашната расправа да го елаборираат и она што беше укажа во поглед на измените и дополнувањата на законот за царинска тарифа дека со овој закон не се пристапува со из- мена и во делот на одредбите што се друг закон. Тој е делот на староста на возилата. Во таа смисла е пуштен во процедура еден предлог на закон а тоа е делот на измените на законот за надворешно - трговско работење. Од тие причини сметам дека овој амандман не би требало да се прифати, без да се навлегува внатре во другиот дел што се однесува на законот на царинските тарифи. Амандманот што беше предложен од три пратенички групи е прифатен, јас за него нема сега да зборувам но ценам дека би требало од тие причини овој амандман да не се прифати и да не продолжуваме со расправата, туку да пристапиме кон изјаснување. Инаку, иако го прифатиме овој амандман сметам дека ќе направиме деловнички прекршок зошто менуваме одредби на сосема друг закон, што не е предмет на расправа денеска. Од тие причини сметам дека не треба да се прифати амандманот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Томислав Стојановски

II/6.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАОВСКИ:**

Немав намера да се јавувам меѓутоа господинот Петар Георгиев практично ме повика да се јавам на оваа говорница затоа што предлагач на законот за надворешно - трговско работење и за негова измена сум јас. Кога дојде да се толкува некој закон дали е во колизија во друг закон или не, се толкува и се поаѓа интересот на граѓанинот спрема државата. Ако овие два закони за надворешно - трговско работење и овој закон што се предлага сега бидат во судир, во примената ќе се применува оној закон што е поблаг. за граѓанинот. Во овој случај и вака да стои во примената ќе се применува овој закон, меѓутоа ќе предизвика именување на другиот закон за да се усогласи заради поповолноста. Јас во тој случај на првата наредна седница би бил согласен овој мој предлог да оди и практично ќе биде формално прифатен и ќе се компонира со овој закон. Ако пак Собранието има и трета варијанта и сака да не дојде до ваква несакана положба и да не се води во ќор сокак правната сигурност, може да прифати од целисходност и овој закон сега да го разгледа. тоа е заради целисходноста. Противењето и прифаќањето е работа во собранието. Јас реков можна е трета варијанта како ќе биде, јасно овој закон да се прифати, се предлага од предлагачите како предлог за измена и дополнување на тарифата за што е и предложен амандманот.

Амандманот да се прифати.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали уште нешто бара збор.

Има збор пратеникот Хамит Алиу.

**ХАМИТ АЛИУ:**

Господа пратеници, ценето претседателство, овој амандман и минатиот пат јас реков дека не треба д;а се прифати зашто е контрадикторен. Контрадикцијата е во тоа што прво и прво ние денеска не расправаме за закон за надворешно - трговско работење. Ние денеска

расправаме за еден сегмент на законот за царинска тарифа. И тоа за глава 87. Ако е тоа така иако конкретно се анализира овој амандман, доста е контрадикторен, затоа што, нека зволат господата нека достават нов закон за изменување на законот за надворешна трговија и тогаш ќе биде прифатено. Вака како што е даден ама воопшто не треба а се прифати затоа што стари или нови возила нема во царинската тарифа.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор господин Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Согласно деловникот подносителот на предлози и прашања и амандмани, во секое време учествува кога се расправа еве во конкретниот случај јас сум подносител на овој амандман и за него се расправа. И претседавачот во секое време кога ќе побарам збор ќе мора да ми даде збор. Тоа е согласност со Деловникот.

Без разлика што минатиот пат кажав дека иако има една така да речам, при отчукување на машина една несоодветност во овој амандман што господинот Алиу го исправив, меѓутоа овој амандман е поднесен согласно Деловникот на Предлогот на законот за изменување и дополнување на законот за царинска тарифа поднесен од пратеникот Џеладин Мурати каде што стојат две колони: царинска тарифа за нови возила и за возила со старост до 5 години. Согласно Деловникот е поднесен овој амандман без разлика дали ќе се откаже предлагачот од втората колона.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:** (продолжение)

Извинете, јас и мојот сопартиец, така да кажам сме поднеле амандман на овој предлог на закон. Како што е даде овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за царинската тарифа, така и ние сме делувале амандмански на одредени решенија. Тоа е наше деловничко право. Понатаму, затоа што при измена и дополнување на било кој закон може да се дејствува онака како што мисли предлагачот на амандманот, во овој случај ние мислиме дека треба да остане, без разлика што предлагачот на законот мисли дека не треба да остане втората колона. Тоа е наше право. Вие гласајте, кажете не ви го прифаќаме целиот амандман или прифаќаме дел, а втората колона не би требало да стои. И, да не го спомнуваме законот за надворешно трговско работење, господинот Стојановски мислам дека многу добро правнички објасни дека тоа е предмет на друга расправа. Сега имаме предмет на расправа Закон за изменување и дополнување на Законот за царинска тарифа.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор господинот Манев.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, почистувано претседателство, по однос на поднесениот амандман од страна на двајцата пратеници што е сега во расправа сметам дека нема правна причина како таков тој да се разгледува и усвојува. Таквиот предлог, до колку биде усвоен, прејудицира измена на законот за надворешно трговско работење. До колку биде како таков усвоен такви возила по стари од 3 години за сега не можат да се увезуваат и тоа ќе биде само формално во законот само така ставено дека, кога ќе се измени овој закон, кога ќе стапи на сила тој закон, тогаш ќе се применуваат таквите одредби.

III/2

Би сакал да се изјаснам по амандманот во тој дел каде предлагаат предлагачите да има две колони и по две стапки. Јас би гласал против овој закон и тоа од следните причини, овој амандман, затоа што веројатно од некои побуди предлагачите одат кај возилата што се постари, што се набавуваат и ставаат по висока царинска стапка чисто од еколошка природа. Мене ми се чини, засега, во Македонија такво нешто не би требало да се прифати. Ако се смета дека едно возило со старост од 5 години за кое што сметам дека предлогот за измени и дополнување на законот за надворешно трговско работење ќе помине во ова Собрание, сепак тие возила со старост од 5 години многу помалку го загадуваат воздухот и човековата околина отколку што сега во нашата Република се возат возила со старост и до 20 години.

Ми се чини дека тоа што прифати г-дин Џеладин Мурати да одат во една колона и што го прифати амандманот поднесен од 3 или 5 пратеници е една најреална состојба за сега овој Парламент да расправа по тој дел.

Благодарам за вниманието.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Збор има пратеникот Стевковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕВСКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, целта на нашиот амандман со г-дин Стоиле Стојков беше да се даде најповолната варијанта за да можат граѓаните на РМ едноставно да си купат возила во странство и тоа по најповолни услови.

Ако се направи еден преглед ќе се дојде до констатацијата дека државата, поточно буџетот на Републиката нема да трпи апсолутно никаква штета. Напротив, ќе се остварат повеќе средства до колку се прифати амандманот што е поднесен бидејќи тој е за пошироките народни маси.

Од тука, тоа што сакав да го кажам е дека нашиот амандман е во духот на Законот поднесен во првата варијанта од г-дин Мурати. Меѓутоа, без оглед на фактот дека во текот на претресот е извршена измена на прегледот со поднесување на амандман поточно со прифаќање амандман кој е составен дел, ние навлегуваме во една ситуација што деловнички е исправна од аспект што нашиот амандман се третира како амандман дури и на овој амандман што е составен дел, поднесен од предлагачот господинот Мурати.

Од тука," немаме контрадикторност и некој сепак нека научи некои термини. Контрадикторност е едно, а спротивност со друг пропис е друго. Контрадикторност имаме само во дадениот случај ако имаме со со одредба погоре или подоле во истиот текст во предлогот на амандманот. Таква работа нема. Едноставно стои дека предлагачите, во случајов одат на најповолната варијанта, а тоа е 5 години за стари возила и нови возила како што е дадено во нашиот амандман. Ценам дека, ако овој амандман ги штити интересите на државата, но државата сепак треба да претпочита дека граѓаните на РМ не се толку богати да можат да плаќаат повисоки стапки, ние вчера овде имавме демонстрации да речај протест на стечајните работници, а такви се илјадници луѓе, лични доходи, ниски пензии и ако не ги прифатиме оние амандмани што се во функција на граѓаните на државата мислам дека правиме штета на самите граѓани. Ред е оваа држава сепак да се сврти кон граѓаните и на одреден начин да ги уважи нивните барања што во овој момент се презентирани преку амандманот поднесен од двајца пратеници на ВМРО-ДПМНЕ. Сметам дека е во ред тоа што г-динот Киро Поповски настапува така по Деловникот кој е прв амандман ќе се расправа по него. И, не може да има никакво прерипување.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот поднесен од пратениците Томислав Стефковски и Стоиле Стојков.

Бидејќи овој амандман содржи битни разлики не само во однос на висината на стапката, царинската стапка, туку и во однос на колоните што се предлагаат, предлагам за овој амандман во целина да гласаме, бидејќи се присутни битни разлики.

Дали се согласувате?

Според тоа, го ставам на гласање амандманот во целина.

Кој е за, молам да крене рака? (21 пратеник)

Бидејќи за амандманот гласаа само 21 пратеник, тоа не е потребното мнозинство, констатирам дека амандманот поднесен од пратениците Томислав Стефковски и Стоиле Стојков не е прифатен.

Господинот Мицевски има процедурално.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани господа пратеници, на некнешната седница поднесениот амандман од моја страна и од Гоце Андонов од предлагачот на законот беше усвоен. Тој стана составен дел на законот. Според тоа, сметам дека нема потреба да отворам претрес по нашиот амандман, затоа што веќе тој влезе во составниот дел на законот и самиот предлагач го усвои, а тоа може да се види и од тогашните стенографски белешки водени на седницата.

Се знае за што е амандманот, за увоз на земјоделски машини што не се произведуваат овде и трактори. После ќе зборувам, ако треба за тоа, меѓутоа, ако се изјасни дека тоа е вистина така како што е и не треба еднаш да зборуваме едно, а после да зборуваме друго.   Ако некој ни се

закани од Владата, не беше така. Ако рече прими го, прими го така. Така што, да зборуваме онака како што е донесено деловнички, како што е усвоено. Не е ли ова сега срамота повлекување на амандманот?

**КИРО ПОПОВСКИ:**

На вашиот амандман ќе дојдеме по редослед како што е поднесен.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на колоните 4 и 5 , со нова колона 4, поднесен од пратениците Петар Георгиев, Љубомир Поповски и Шабан Превала.

Молам, дали некој а збор?

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, амандманот што е предложен од повеќе пратеници од три пратенички групи, беше во процедура во три верзии само од техничка природа. Бидејќи во меѓувреме се утврди дека се испуштени неколку тарифни ознаки, па како не би дошло до одреден, можеби технички недостаток во делот на усвојувањето, затоа и три пати беше менуван, со тоа што на секое менување беше укажано дека се повлекува претходниот и остана само еден предлог што е прифатен од страна на предлагачот, а во кој се предлага возила до 2000 кубици да имаат стапка од 5%, возила над 2000 кубици царинска стапка од 10%, возила што користат гориво Д-2 односно нафта, дизел гориво 5% царинска стапка до 2500 кубици, затоа што во постојниот закон така се утврдени тие односи на возила што користат бензин и возила што користат дизел гориво. Возилата над 2500 кубици имаат царинска стапка од 10%.

Амандманот поднесен од страна на предлагачот, а се однесува за испуштени стапки што не беа опфатени во овој наш амандман, тие се исто така составен дел на законот, сметаме дека комплетно овој амандман би требало да се прифати, бидејќи и односно е прифатен од самиот предлагач и по него не би требало да се гласа.

Сега, кога веќе на кратко го образложувам самиот амандман би кажал дека со оваа измена што ја предложија повеќе пратеници, не се загрозува на одреден начин фискалниот дел на остварувањето на Буџетот, како извор на приходи на Буџетот од царините, бидејќи ќе има незначително влијание во делот на остварувањето на Буџетот. Вкупните остварувања во Буџетот од царината се само со 8%, а ова е само еден доста мал дел што се зафаќа во делот на предлогот што го има Владата за сите возила да биде царинската стапка 10%.

Сметаме дека со прифаќањето на овој амандман се отвора простор при изготвување на новата царинска тарифа на одреден начин предлагачот да се најде во ситуација да ги раздвои возилата по јачина на моторот, а воедно и по користење на возилото што го има.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Значи, амандманот се повлекува и по него нема дискусија.

Отворам претрес по амандманот на член 1, тарифна ознака 870321, 870322,870323,870324,870331,870333 и на 870330, поднесен од пратениците Шабан Превала, Џелил Таири и Газменд Ајдерага.

Предлагачот се произнесе дека другите амандмани не ги прифаќа.

Молам, кој бара збор?

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА**: (од место)

Го повлекуваме амандманот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Предлагачите го повлекуваат овој амандман.

Отворам претрес по амандманот за внесуваше нов член 1 поднесен од пратеникот Гоце Андоновски.

Предлагачот веќе се произнесе дека не го прифаќа амандманот.

Молам, кој бара збор?

Збор побара пратеникот Гоце Андоновски.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано Претседателство, со овој амандман практично сакав уште еднаш да укажам на конфузната увозно - извозна политика што ја води оваа Влада, а оди директно на штета на нашето производство и директно го загрозува.

За мене, навистина е нелогично во оваа прилика да постои слободен увоз на банани, што за жал барем со својата квалитетна и нутритивна вредност не е она што за народот значи лимонот, а лимонот од друга страна практично за него не постои слободен увоз како таков.

Се прашувам и Ве прашувам дали навистина за луксуз ќе ослободуваме, луксузот ќе биде ослободен од царина, а здравјето ќе го оданочуваме со царина. Лично мислам дека ако вака се продолжи, загрижува фактот , ако некој мисли да настојува со ваков слободен увоз на банани, а тоа може да го потврди фактот дека последниве денови се увезени преку 200 тони банани и преку 600 тона портокали, што директно го загрозуваат нашето земјоделско производство, конкретно јаболкото како такво. Ако некој мисли дека на тој начин ќе се полнат џебовите на

одредени министри, парламентарци или директори на сметка на празните џебови, на нашиот плиток џеб на нашите граѓани, мислам дека тоа е погрешна политика.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор ? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот на пратеникот Гоце Андоновски и истиот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (28 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за внесување нов член 1 поднесен од пратеникот Гоце Андонов.

IV/1 ПЈ/ПН

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Гоце Андоновски.

Амандман II. (Го повлекува)

Отворам претрес за внесување на нов член 1 поднесен од пратениците Трајан Мицевски и Гоце Андоновски.

Предлагачот во текот на претресот по друг амандман, го прифати овој амандман.

Го молам предлагачот сега да се произнесе.

Бидејќи по повод друг амандман се произнесе, но бидејќи амандманот сега е на дневен ред, да се произнесе дали го прифаќа или не.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Јас што се однесува до предложениот закон, навистина, целта беше да се штити интересот на граѓанинот на Македонија. Воопшто Буџетот не трпи штета ако се усвои овој закон. Воопшто во законот не се менува некоја номенклатура, ниту тарифни ознаки, ниту тарифен број, кој би предизвикувале промена во ГАД и во Европската унија. Туку, станува збор за промена на стапките, дали ќе биде 2%, 5% или 10%. До произнесувањето на министерот, ова треба да биде 1%, а не 5%, туку да биде 1 или 2% кога е толку голема стапката на данокот од 55 за тие кои се луксузни, но ете ние пристануваме да биде 10%.

Во врска со амандманот за кој станува збор, јас го прифатив, може да се каже да стане составен дел, но го почитува мислењето на Владата, кое вели: "Бидејќи со оглед дека со предлогот на измените на законот за

царинска тарифа е опфатен само тарифен број од 8703 и се однесува на патнички автомобили и не можат да се прифатат други тарифни броеви, како што се предложените, од тие причини не го прифаќам денеска овој предлог. Значи, го почитувам мислењето на Владата по однос на овој амандман.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Пратеникот Трајан Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ќе знам до кога ние ќе го лажеме нашиот земјоделец, за секакви манипулации со него за унапредување на земјоделството. Укинати8 се други стапки и друго за тоа да не зборувам. Каква е вашата совест и каква е совеста нас предлагачот на законот, му треба дамо лимузини да си донесе тој, а не го интересира трактори дали ќе има земјоделецот и што ќе произведеме. Владата многу мудро го натера него да го повлече усвоениот амандман за да не се срами таа како предлагач на овој закон, оти.-да не и рече народот Владата само лимузини бара, а не бара трактори за земјоделецот, ајде ти поднеси го овој закон, ние ќе те браниме и да излезе и волкот сит и овците на бројот. И затоа сега такви манипулации ќе се прават. Сметам дека по усвоениот амандман е усвоен и не можеме сега ние да се враќаме назад. Каква е таа логика, каде е таа законитост.

Владата да не манипулира повеќе со земјоделците и со нашиот работен народ. Каква е таа логика да донесеме ние укинување на царина на намалување на царински стапки само за луксуз за дома дека имаат високи плати тие и пак сакаат да купат евтини коли, а земјоделецот ќе го тормозиме нека работи како вол за сламата, ќе му го земаме

производството без пари, ќе му ги земаме сите работи и еднаш дојде момент да не се штитини онаа индустрија, која не се произведува кај нас да може едно тракторче да увезе, а со тоа што ќе увезе тракторче го обврзуваме за земјоделството да работи, пак да не рани нас овдека, што не идеме на седници, земати плати овдека а по 5 седници немате дојдено, а носите закон само за лимузини. Грев ќе ве фати од овој народ, наш работен и од земјоделството. Па, еднаш речете дека ние и на овој земјоделец треба да му излеземе во пресрет, да му дадеме еднаш нека увезе еден трактор, а со тракторот тој не купува лимузина, туку произведи за вас пониска храна. Ако повеќе произведе пченица, повеќе леб ќе имате, ако повеќе произведи шеќерна репка, поевтин шеќер и поевтини производи ќе имаме. Зошто еднаш не ја чукнете таа глава да се сетите еднаш дека го домуревме овој земјоделец. Како ќе ги вратиме тие земјоделци. Ако сака сега некој да се поврати да купи трактор и да појде да работи, ние го спречуваме. Јас ве молам пратеници овој амандман да го усвоите како што е во состав на ова, па нека се чука подносителот по глава за тоа. Не треба да гласаме за коли, само за коли, туку да гласаме и за трактори.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Пратеникот Тодор Петров процедурално.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Прво, барам сериозност во водењето на сехлицата од страна на претседавачот, меѓутоа, сериозност и од ;;трана кз предлагачот на законот. Мислам дека не постои предмет за кој се води сега расправа.

Излагањето на предлагачот за некое повлекување на амандман е безпредметно, затоа што амандманот со прифаќањето со претходната постапка стана составен дел на законот. Ако сака предлагачот или било кој друг овластен предлагач, пратеник, да предложи амандман може да предложи за да од предлогот за изменување и дополнување на Законот за царинска тарифа да се брише членот кој што дополнително од страна на предлагачот е прифатен. Со оглед на тоа сметам дека ниту има основа за расправа, ниту има амандман за кој може и предлагачот да се изјаснува и пратениците. Заради тоа што тој амандман од пратениците Трајан Мицевски и Гоце Андоновски е составен дел на законот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Веќе еднаш се даде толкување за ова недоразбирање кое настана, бидејќи се водеше расправа по повеќе амандмани и се направи прекин на седницата. Во таа функција и предлагачот сега се осврна кој од вкупниот број на амандмани што се поднесени прифаќа, а кој не. Затоа, по овој редослед одиме за секој амандман да се произнесуваме.

Има збор Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, пред малку ме збунија правниците што е тоа компетентно, некомпетентно, по однос на носење на овој закон и дали се коси со овој закон за трговско работење или е поподобен овој закон за тарифите. Меѓутоа, сега повеќе ме збуни од принципиелен аспект, што значи овој амандман во овие услови.

IV/5

Јас лично и замерувам и на коалихдијата и на другата страна од аспект што овој Парламент го направивме непринципиелен до крај. Ние изгледа ја вртиме водата како ни одговара на секој до нас пратениците или партиите и не случајно ја донесовме таа стабилизациона програма, се определивме за некоја стратегија, утврдивме еден модел, се тоа го утврдивме, меѓутоа, сега почнавме да расипуваме едно по едно, зошто не ни годи стабилизационата програма од аспект на некој што увезел кола и сега нема шанса да ја продаде и притиска на некој.

Ве молам, да се ослободат колите од царина за да можам јас да направам профит, затоа што некој вложил многу пари. Е, сега од тој аспект мислам г-динот Трајановски е од Битола и е сосема исправен. Јас лично кога ќе правам некоја анализа на она што претставува кола, а што претставуваат земјоделски машини, трактори итн. за оваа држава, јас му давам предност на амандманот на Мицевски. Зошто? Јас тврдам дека оваа Македонија не ни требаат коли за луксуз да се возиме, заради тоа што немаме и многу пари. А тие што имаат пари се од 5 до 10% од вкупното население. Она другото тврдам дека нема шанса да купи кола. И ние се бориме за популација. Само од 5 до 10% да обезбедиме некаков стандард и тие нека возат кола. Меѓутоа, лично сметам дека само колата ги троши парите како луксузно средство, а машините во земјоделството носат доход. Јас тврдам она се што не изорано, во рамките на РМ имаме сега шанса со овој амандман да ја подобриме оваа ситуација, заради тоа што амортизацијата на тракторите на култиваторите и на другите помошни средства е толку дотраена што и ние не можеме современо да го обработуваме земјиштето. Во таа смисла мислам дека подобро е да го прифати 1е амандманот на

Мицевски, ќе биде тоа подобро за населението, заради тоа што 55% од вкупното население живее на село и дека земјоделството е многу важно да се обработува отколку што го прифаќаме овој амандман за некој си луксузни коли. Владата прави некои параметри, некој параметар односно некој сооднос од 10%, меѓутоа замерање на Владата што е таа попуслива. Таа требаше децидно да се држи за програмата додека не се види таа програма што ќе направи, дури тогаш можеме да правиме секакви осцилации итн.

Да скратам. Значи, го поддржувам комплетно амандманот на Трајан Мицевски кој е и во интерес на сите наши земјоделци во РМ кој е голем број.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Г-динот Петров има процедурално.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Ирелевантно е кога своето изјаснување предлагачот по предложениот амандман го искажал од оваа говорница. Дали тоа било на почетокот во отворањето на претресот, за мене лично и за било кој воопшто не е важно. Предлагачот дал изјава дека го прифаќа амандманот од предлагачите, двајцата пратеници Трајан Мицевски и Гоце Андоновски што се однесува аз тарифниот број 8432 - Машини за подготвување и култивирање на земја во земјоделството, хортикултурата и шумарството, ваљаци за тревници и спортски терени. Тој амандман станува составен дел на законот. Сега, не постои амандман за кој веќе се води расправа и претрес. И мислењето дополнително на предлагачот на законот г-динот Џеладин Мурати не е воопшто издржано, затоа што не дава согласност на амандман, кој моментално не постои, бидејќи со претходно негово прифаќање станал составен дел на законот. Барам

претседателот да ја прекине, само да констатира дека станал составен дел на законот овој амандман и да продолжиме доколку има друг претрес по предлогот на текстот на законот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе ве молам, бидејќи по втор пат се интервенира, факт е дека предлагачот по повод расправата по други амандмани се произнесе дека овој амандман е за него прифатлив. Но, бидејќи настана една нејасна ситуација за да децидно во расправата по овој амандман го изнесе својот став затоа и во редослед така идевме. За да децидно по секој амандман се произнесе, бидејќи во претходната расправа тој збирно се произнесе кои амандмани прифаќа, кои не прифаќа. А сега одиме амандман по амандман за да не им направиме збрка што прифатил и што не прифатил предлагачот.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Има стенограм, и не можеме напамет да зборуваме.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има многу луѓе кој што бараат збор.

Процедурално Алил Џаферовски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ :**

Лично сметам дека предмет на расправа амандман не постои, заради тоа што ирелевантно е во кое време предлагачот 10 прифатил амандманот. За мене овој амандман е составен дел на законот и мислам дека не треба да губиме време, туку претседавачот треба да го констатира ова и да преминеме на расправа по други амандмани или по текстот на законот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Со оглед на тоа, бидејќи се работи за деловничка работа, молам Собранието да се произнесе дали толкувањето што го даде пратеникот Тодор Петров...процедурално, дали амандманот е прифатен.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, токму во оваа смисла. Да не остане нејасен, прифатен не прифатен. Г-ѓиве овде кој ги водат овие стенографски записници ќе треба да одговорат на тоа прашање, да или не. Ако го погледнеме записникот за стенограм ќе утврдиме дали е прифатено или не е прифатено. Вака, сами на себе си правиме непријатности. Еден тврди попаметен е, не е прифатен, е прифатен, па не целосно, целосно, што е? Нема потреба од таа работа. Нека го донесат записникот ќе видиме и ќе се произнесеме. Тоа е така.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Бидејќи е деловнички спор, молам сепак да немаме дилеми, дали Собранието утврдува дека овој амандман е прифатен во досегашната процедура.

Кој е за, молам да крене рака. (Сите креваат рака)

Сепак нека се пребројат гласовите на пратениците.

50 пратеници се произнесоа за овој амандман.

Кој е против. (Нема)

Кој е воздржан? (Нема)

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почитувани пратеници, ќе ве молам, бидејќи се работи за чувствителна материја, се работи за два амандмана на г-динот Трајан

Мицевски. За кој станува збор? Се работи за два амандмани, овде станува дискусии за еден.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Г-дине министре, сега ќе поминеме на вториот амандман,

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Од истиот предлагач? (Да)

Се извинувам.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Значи констатирам дека амандманот на господинот Трајан Мицевски и Гоце Андоновски е составен дел на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратениците Трајан Мицевски и Гоце Андоновски.

Предлогот во текот на претресот по друг амандман исто така беше прифатен.

Го молам предлагачот сега да се произнесе повторно, бидејќи во слична ситуација сме како и во претходниот амандман.

Дали предлагачите на овој амандман остануваат?

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Господа пратеници, пошто со иста содржина истото што баравме ние амандманот што се изгласа повторно од Собранието е составен дел на законот и според тоа јас сметам дека со овој амандман се задоволени потребите на ззмјодолците и чекам со радост да го примат и да можат да се вклучат во земјоделското со нови машини и трактори,

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се повлече и не водиме претрес.

Отворам претрес по амандманот за менуваше на член 1 поднесен од Владата на РМ.

Има збор Џевдет Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Предлагачот го прифатил амандманот на предлог на закон за изменување и дополнување на законот за царинска тарифа, кој гласи, во член 1 после зборовите, во главата се додаваат зборовите во тарифниот број 8701 и..... во табелата пред тарифниот број 8703, се додава следниот текст: "трактори, други влекачи за полуприколки и други влечни возила". Ова е од предлагачот прифатено и според Собранието е составен дел. А сега, за другиот амандман. Член 1, пред член 1 се внесува нов член 1 кој гласи: "во законот за царинска тарифа "Сл. лист" итн. во царинската тарифа, кој е составен дел на овој закон, во главата 84, во тарифниот број 8432 се врши следното изменување итн.. Овој треба да се третира како повлечен. Меѓутоа, од расправата треба да е до крај чисто, бидејќи ова предизвикува, ова 8432, тарифата каде што со амандман се предлага не смее да биде.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Тука нема недоразбирање, тоа е усогласено, како што министерот го прочита предлогот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1 поднесен од Владата на Република Македонија.

Предлагачот се произнесе дека овој амандман не го прифаќа.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

14 пратеници гласаа за овој предлог.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за Предлогот на законот.

Дали има некој против?

1 пратеник е против.

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржа од гласање.

Очигледно некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за царинската тарифа.

Преминуваме на **XIII-та точка** - Предлог за донесување на закон за употреба на јазикот и писмото на националностите во Република Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и известување на работните тела на Собранието, како и мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Работните тела известија дека не го разгледувале овој закон, бидејќи на нивните седници не присуствувал предлагачот на законот.

Предлагам да се изјасниме дали е целесообразно да расправаме но овој закон без став на работните тела.

Има збор господинот Џеладин Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почитувани пратеници, ќе бев многу среќен ако на овој начин ќе се гласаше и по овој закон што се предлага сега, со ова мнозинство, и за што се бара голема политичка готовност и спремност навистина да се прифати и овој за кој ќе расправаме сега.

Во Уставот на Република Македонија е утврдена службената употреба на јазикот и писмото на националностите. Тоа е сторено во став 2 и 3 на член 7. Но прашање е како тоа се толкува и кој го толкува. Јас го толкувам и сфаќам онака како што тоа е изнесено во Предлогот на законот што е предмет на расправа, чиј подносител сум јас.

Поаѓајќи од функцијата на јазикот што го има во општествената комуникација, произлегува и значењето на употребата на јазикот во службената и јавната комуникација, како едно од најзначајните средства за остварување на рамноправноста на националностите во Републиката.

V/3.-

Употребата на мајчиниот јазик во службената и јавната комуникација е класична категорија на рамноправност. Инаку, се разбира, проблемот на рамноправност е многу поширок и опфаќа поголем спектар на разновидни прашања сврзани за интересот на националноста. Таа рамноправност треба да претставува развиен и разгранет систем на заштита на националниот и културниот идентитет на националностите.

Ова што го изнесов беше образложение за оправданоста и потребата за донесување на закон за употреба на јазикот и писмата на националностите во Република Македонија. Со ова кажав само една вистина, со која најмалку имам потреба да апелирам да се усвои законот, зашто е потребен интерес сите тоа да го почувствуваме како заедничка потреба, со тоа што ќе се елиминираат многу дилеми и проблеми кои се при- сутни во секојдневниот општествено политички, економски и социјален живот.

Да заклучам, со оглед на значењето на проблемот, службената употреба на јазикот и писмата на националностите, како и проблемите кои се јавуваат, нужно бараат покренување на политичка и државна иницијатива за разрешување на овој проблем и создавање реална општествена основа за рамноправност во употребата на јазиците и писмата на националностите и нивното вградување во целокупниот општествено - политички, економски итн. живот. Сето тоа значи и гаранција за заштита и продлабочување на демократијата и демократските односи во јазичната политика. Јазикот го сфаќам како основен израз на националното чувство и националниот идентитет. Јас се залагам за јазичен плурализам.

Со оглед ан фактот што во законот за локална самоуправа во овој «оглед се нудат одредени решенија, а имајќи го предвид фактот дека тој е повлечен од оваа седница заради мноштво на амандмани,се разбира и од оваа област, го повлекувам и овој Предлог на закон од оваа седница и го оставам за некоја друга наредна седница,кога ќе дојде претходниот

V/4.-

закон, доколку не се решат одредени прашања и односи кои навистина треба да се разрешуваат. Го повлекувам од оваа седница.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Бидејќи предлагачот го повлече Предлогот за донесување на закон, преминуваме на наредните точки.

Меѓутоа, бидејќи на седницата не присуствува предлагачот и на двата предлози на закони за точките 14 и 15, предлагам расправата по нив да се одложи и да поминеме на расправа по точката 16.

Преминуваме на **16-та точка** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за општествена заштита на децата, со Предлог на закон.

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа со траење од 7 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

(Некои пратеници креваат рака)

Предлогот не е прифатен.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот известувањето на работните тела на Собранието, извештајот на Комисијата за труд и социјална политика, како и мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Ве известувам дека Комисијата за труд и социјална политика му предлага на Собранието да гс одбие овој закон од причини наведени во извештајот.

Молам, кој бара збор?

популациона политика, која ќе дава резултати, за која сме сите ние.

Сакам посебно да нагласам дека јас сум посебно заинтересиран во државата да се води демографска политика, но само за таква демографска политика која има права намера, која се базира врз демографската наука и која во практиката се покажала како успешна во развиените земји и во земјите во развој.

Досегашната примена на овој закон не произведува позитивни ефекти и затоа треба да се менува. Позитивни ефекти во намалувањето на наталитетот во последниве две децении има и тоа доста значителни, но не како резултат на примената на законот кој се применува последниве 5 години, Позитивни ефекти постигнати пред се како резултат на подобрување на квалитетот на живеењето, со подобрувања на економскиот стандард на семејството со образование, а пред се а женскиот пол и вработувањето. Со тоа ова придонесува и за менување на начинот на живеењето и сфаќањата за животот во целина и посебно при одлучувањето за бројот на децата во семејството. Секоја друга популациона политика е нехумана и создава негативни ефекти, како што е случајот со овој закон.

За жал, при изменувањето на овој закон 1987 година и донесената Резолуција се базирале само врз мортуеовата теорија за наталитетот која е еднострано третирана во демографската наука. Пред се, Македонија не е пренаселена земја, а пред населеноста секогаш не е проблем за економски и воопшто цивилизациски развиток. Добро знаеме каде има густина на население, низ историјата има и економски и цивилизациски и културен развиток. Со еден збор, каде има густина на население има и цивилизација. Ова го потврдува и научната теорија на Огист Кон, основачот на социјалошката наука, дека густината на населението условува поголема поделба на трудот, а ова до побрз

економски развиток. Кога би била причина густината на населението за економска стагнација, тогаш Јапонија би била најнеразвиена земја во светот, но знаеме дека е спротивното. Со ова не сакам да докажам и да барам во државата да не се води демографска политика. Напротив, таква политика треба да се води, но без задни намери надвор од нивната политика и тоа пред се да е хумана, не може да се води демографска политика кога на бедниот уште повеќе му додаваат беда.

Со овој Предлог на закон само барам да се врати првобитното решение во основниот закон од 1981 година, а кое основно решение има составен основ во член 48 од Уставот на Република Македонија и член 9 од Уставот. Ако остане постојното решение, ние значи од раѓање дискриминираме дел од нашите деца кои немаат исти права, а државата од нив бара исти обврски, со што има големи реакции и е многу непожелно

Но бидејќи мислењето на Владата за решавање на овој проблем е такво кое се согласува ова решение што ние двајцата предлагачи, јас и пратеникот Оломан Сулејмани го предлагаме, да се внесе во новиот закон, мислам дека бараме од Владата што побрзо тој закон да дојде во собраниска процедура и овој проблем да се решава, а поради ова од оваа седница го повлекувам законот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Бидејќи е повлечен законот, немаме на дневен ред.

Преминуваме на **17-та точка** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за соработка7 во образованието, културата и науката меѓу Владата на Република Македонија и Владата на република Словенија со Предлог на закон.

V/8.-

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Молам, службата да го провери бројот на присутните пратеници во салата.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Молам службите да ги повикаат пратениците да влезат во салата.

Предлагам да дадеме пауза од пола саат, само пола саат. Во меѓувреме да се повикаат претставници на Владата согласно дневниот ред и точките што се на дневниот ред.

Значи објавувам пауза од половина час. (Пауза од 15,10 до 16,15 часот)

Молам, да се извести Владата свои претставници да обезбеди.

(Пауза)

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Минуваме на **точката 17** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за соработка во образованието, културата и науката меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?(никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за соработка во образованието, културата и науката меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Кој е против? (никој).

Дали некој се воздржува од гласање?(никој)

Констатирам дека Предлогот на заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (54 пратеника)

Дали има некој против ?(нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот .

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против?

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе Предлогот на закон за ратификација на спогодбата за соработка во образованието, културата и науката меѓу Владата на РМ и Владата на Република Словенија.

Минуваме на **точката 18** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за преминување на државната граница и за движење по граничниот појас , со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон, извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени , односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?(никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието о усвојува. Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за преминување на државната граница и движење на граничниот појас.

Кој е за, молам да крене рака? (50 пратеника)

Дали има некој против?

Дали некој се воздржува од гласањето?(никој)

Очигледно некој не гласа.

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?(53 пратеника)

Дали има некој против?

Дали некој се воздржува од гласањето?

Очигледно дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон,

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по Текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана поднесе амандмани на член 1, став 2,3,5 и 7 .

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2,3,5 и 7 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

(претставникот на Владата се согласува)

Владата го прифати. амандманот на член 1 став 2, 3, 5 и 7 и тој е составен дел на Законот.

Молам, дали некој друг,бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по законот.

Текстот на Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам, кој е за, да крене рака?(50 пратеника)

Дали е некој против?

Дали некој се воздржува? (1 пратеник)

Очигледно некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за преминување на државната граница и движење со граничниот појас.

Минуваме на **точката 20** - Предлог за донесување на закон за задолжителен примерок со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

"Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжителниот примерок".

Кој е за, молам да крене рака? (49 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

Очигледно некои не гласале.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

VI/6.-

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (49 пратеника)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

Очигледно некои не гласале.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на законот и предлогот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (48 пратеника)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

Очигледно некои не гласале.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжителниот примерок.

Минуваме на **точката 21** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита при работа, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

VI/7.-

"Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на законот за заштита при работа".

Кој е за, молам да крене рака? (51 пратеник)

Дали има некој против? (еден)

Дали некој се воздржува од гласање?

Очигледно некој не гласал.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (54 пратеника)

Дали има некој против?

Дали некој се воздржува од гласање? (двајца)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе предлогот на закоп.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 1 став 1 и 2, член 2 став 1 и 2, член 3 став^ 1,2,3 и 4, член 4 став 1 и 2, член 5 став 1 и 2, член б став 1 и 2 , член, 7 и на член 8.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1 и 2, член 2 став 1 и 2, член 3 став 1,2,3 и 4, член 4 став 1 и 2, член 5 став 1 и 2, член 6 став 1 и 2, член 7 и на член 8 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

VI/8.-

Претставникот на Владата се изјасни дека го прифаќа овој амандман и тој станува составен дел на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (54 пратеника)

Дали има некој против? (еден)

Дали некој се воздржува од гласање? (двајца)

Очигледно некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на законот за заштита при работа.

Минуваме на **22 точка** – Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за изградба на инвестициони објекти со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени. .

Отворам претрес по Предлогот за однесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

"Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за изградба на инвестициони објекти".

Кој е за, молам да крене рака? (51 пратеник)

Дали има некој против?

Дали некој се воздржува од гласање?

Очигледно некој не гласал.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (46 пратеника)

Дали има некој против?

Дали некој се воздржува од гласање? (двајца)

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1, став 1, член 2 став 1, член 4, став 2 и на член 3 став 1 и 2 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (53 пратеника)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (еден)

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за изградба на инвестициони објекти.

Преминуваме на **23-та точка** - Предлог за донесување на закон за резиденција на претседателот на Република Македонија со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон извештите на работните тела на Собранието и Мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

**КИРО ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Комисијата за општествено - политички систем оценува дека нема потреба од донесување на овој закон и му предлага на Собранието да го одбие овој закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за резиденција на претседателот на Република Македонија.

Кој е за, молам да крене рака? (2О пратеници)

Бидејќи не го доби потребното мнозинство ја прекинуваме постапката за донесување на законот.

Минуваме на **точката 24** - Предлог за донесување на закон за резиденција на претседателот на Собранието на Република Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието и Мислењето на Владата на Република Македонија, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Комисијата за општествено - политички систем оценува дека нема потреба од донесување на овој закон и му предлага на Собранието да го одбие овој закон.

Молам,,кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за резиденција на претседателот на Собранието на Република Македонија.

Кој е за, молам да крене рака? (13 пратеници)

Истиот не го доби потребното мнозинство.

Минуваме на **точката 25** - Предлог за донесување на закон за резиденција на претседателот на Владата на Република Македонија со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието и Мислењето на Владата Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Комисијата за општествено - политички систем оценува дека нема потреба од донесување на овој закон и му предлага на Собранието да го одбие овој закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за резиденција на претседателот на Владата на Република Македонија.

Кој е за, молам да крене рака?

Констатирам дека законот не доби поддршка.

Некој покренува иницијатива да се утврди кворум.

Некој официјално ли го предлага тоа?

Повелете на говорница.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Не е во прашање да се излезе овде, но очигледно недостасува кворум. Службите се тука, нека пребројат за да се констатира точниот број.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Бидејќи во меѓувреме излегоа некои пратеници, молам Стручната служба да го утврди точниот број на присутните пратеници. Повикајте ги пратениците кои што во меѓувреме излегоа од салата.

Предлагам да ја прекинеме седницата од името на Претседателството и предлагам утре да продолжиме во 10,00 часот. Ве молам координаторите да обезбедат присуство на пратеници точно во 10,00 часот. Во 10,00 часот координаторите да извршат прозивка на своите пратеници.

Ја прекинувам седницата.

Седницата прекина во 16,40 часот.